# ЗАПИСНИК
## од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска:** Илија Таневски од Радио АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево и Гоце Трпковски новинар од Призма.

Г-дин Петрушевски ја отвори 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.03.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.03.2024 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.03.2024 година.
4. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.03.2024 година.
5. Нацрт-правилник за пристапност до медиумските услуги.
6. Нацрт-упатство за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

7. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА од Скопје.
8. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ
9. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје
10. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево
11. Предлог-одлука за мирување на работен однос на вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
12. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од прво продолжение на 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од прво продолжение 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Нацрт-правилникот за пристапност до медиумските услуги. Објасни дека со измените на ЗААВМУ од јули минатата година беше изменет и членот 26 од ЗААВМУ кој што се однесува на две прашања, пристапноста до програмите на лицата со попреченост и обврските на Агенцијата во однос на поттикнувањето на медиумската писменост. Беа направени измени во делот на социјалната инклузија на лицата со попреченост и на она што порано беше обврска на Агенцијата за поттикнување на радиодифузерите да ги направат програмите достапни за лицата со попреченост, сега е изменето со обврска на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги

направат програмите односно услугите достапни на лицата со попреченост, односно да спроведуваат мерки континуирано и прогресивно. Согласно измената на одредбата, Агенцијата има обврска да ги операционализира одредбите во подзаконски акт. Оттаму кон материјалите е приложен Нацрт-правилник за пристапност до медиумските услуги. Подзаконскиот акт пропишува какви се обврските на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во зависност од нивните ресурси и досег до публиката, односно прави разлика од една страна меѓу обврските на телевизиите на национално ниво и давателите на услуги видео по барање и од друга страна на сите радија и телевизии на локално и регионално ниво. Со Правилникот се пропишуваат обврски за националните телевизии да направат достапна на годишно ниво најмалку по една програма која што се емитува редовно во една неделна програмска шема и тоа да го зголемуваат секоја година за да се постигне кумулативен ефект односно прогресивно да се остварува обврската. Додека обврската за давателите видео по барање е на годишно ниво да направат достапна 2% од својата понуда. Кај радијата и телевизиите на локално и регионално ниво не се предвидени обврски да ги прават пристапни програмите туку им се остава можност доколку тоа е изводливо да емитуваат програми што веќе се направени пристапни од други радиодифузери или продуценти. Објаснет е и начинот како да се направат пристапни програмите, алатките се дефинирани, кон подзаконскиот акт е приложен и речник на изрази, исто така приложени се и два обрасци, едниот на Годишен акциски план, кој што националните телевизии и услугите видео по барање ќе имаат обврска да го носат на годишно ниво и до крајот на годината да го достават на Агенцијата и образец на Годишен извештај или информација за исполнување на обврската која што ќе имаат обврска сите даватели на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го доставуваат до 31 март во тековната година за претходната година. Нацрт-правилникот беше изработен како дел од активностите на проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите ПРО-ФРЕКС, финансиран од Советот на Европа и ЕУ во чии рамки како консултант беше ангажирана г-а Диардре Кевин. Како основа за изработка на овој подзаконски акт беа користени претходно изработени предлози за саморегулаторен односно корегулаторен акт изработени со г-а Кевин. Кон материјалот е приложено и правното мислење од г-а Кевин за финалната верзија на Нацрт-правилникот. Ако се погледне правното мислење, ќе се забележи дека само еден предлог од г-ѓа Кевин не е внесен во финалната верзија и се однесува на внесување на нов член кој ќе се однесува на соработка со операторите кои пренесуваат аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Предлогот од г-а Кевин предвидуваше АВМУ во соработка со АЕК и други релевантни субјекти да утврди насоки како кабелските оператори, сателитските оператори и ИТ операторите да ги направат достапни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги што ги реемитуваат. Размислувале дали да се стави одредбата, меѓутоа АВМУ нема надлежности да утврдува вакви обврски за кабелските оператори. Од друга страна не може во подзаконски акт на АВМУ да се задолжува АЕК да изработи насоки за операторите во овој сегмент. Од таа причина овој предлог од експертката не беше земен предвид, меѓутоа прашањето нема да остане нереализирано, секако АВМУ во соработка со други релевантни субјекти ќе работи на јакнење на свесноста на операторите за ова прашање. Сите други предлози генерално беа земени предвид и имплементирани на соодветни места во нацрт текстот. Се предлага Советот на Агенцијата да го усвои Нацрт-правилникот со текст како што е предложен, потоа да се објави на веб страницата, да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги

видео по барање и да се отвори јавна расправа која ќе трае 90 дена бидејќи е изборен период да имаат време субјектите да го погледнат внимателно.

Г-дин Петрушевски рече дека по образложението му станало јасно прашањето зошто е предложено јавната расправа да трае 90 дена, но логично е бидејќи е изборен период, медиумите ќе бидат ангажирани во таа насока, а и Агенцијата ќе има поголеми обврски посебно Секторот за програмски работи кои треба да следат два изборни циклуси.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека дава поддршка и за двата Нацрт документи, односно и за Нацрт-правилникот за пристапност до медиумските услуги и за Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. Како што беше кажано во образложението и од директорот Трајчевски и од раководителката Јаневска, тие се имплементација на законските обврски, а во рамките на вградувањето на Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на Советот на Европа. Она што во минатото беше охрабрување од страна на Советот за радиодифузерите да имаат што поголем број на програми пристапни за лицата со попреченост, сега ќе им стане законска обврска. Ги охрабрува радиодифузерите што поскоро, од влегувањето на сила на овој правилник а и претходно се разбира, да започнат со исполнување на одредбите од подзаконскиот акт, затоа што на тој начин ќе ги стават во позиција на можност сите лица, гледачи, да бидат еднакви консументи на програмите на радиодифузерите. Добро е што тоа ќе оди постепено, прогресивно во зголемувањето на обврските и за радиодифузерите и за операторите и за давателите на услуги видео по барање. Верува дека ќе нема проблем во исполнувањето од нивна страна затоа што сите треба да бидат еднакви во општеството.

Г-дин Ајдини рече дека Агенцијата во Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелна дејност за 2018-2023 посветуваше цело едно поглавје кое се однесуваше на лицата со попреченост, особено на лицата со оштетен вид и оштетен слух. Агенцијата и во минатото имаше активности, поттикнуваше во поглед на пристап до програмите за лицата со попреченост. Досегашните напори на Агенцијата да ги поттикне радиодифузерите да донесат саморегулаторен или корегулаторен акт сега се претвораат во обврска за регулирање на ова прашање. Смета дека со овој подзаконски акт се отстранува било какво ограничување кое ги спречува лицата со попреченост слободно да бараат, да примаат информации и идеи на еднаква основа со другите. Во овој документ јасно се пропишани начините на кои радијата и телевизиите и давателите на медиумски услуги по барање од година во година ќе го зголемуваат бројот на програми пристапни за лицата со попреченост. Исто така ќе се следи исполнувањето на нивните годишни акциски планови. Се изјасни дека ќе го поддржи нацрт-правилникот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-правилникот за пристапност до медиумските услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-правилник за пристапност до медиумските услуги да го објави на веб-страницата на Агенцијата во траење од 90 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Горенаведениот Нацрт-правилник да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска на почетокот ги потсети членовите на Советот дека во текот на утрешниот ден во Europe House во Скопје со почеток од 10 часот во рамки на јавната расправа ќе организира презентација на Нацрт-правилникот за пристапност до медиумските услуги. Во таа насока ги покани доколку се во можност да дојдат, и најави дека ќе биде присутна и експертката г-а Диардре Кевин која што заедно со нив работела на подзаконскиот акт. Во однос на Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, објасни дека со измените од 2023 година на ЗААВМУ беше изменет и член 55 кој се однесува на пласирање на производи како комерцијална комуникација. Со измените направена е суштинска измена во овој член. Порано пласирањето производи како форма на аудио и аудиовизуелна комерцијална комуникација беше забрането генерално во сите видови програми со исклучок на неколку. Со измените оваа комерцијална практика е дозволена во речиси сите видови програми со исклучок на пет, тоа се вестите, програмите посветени на актуелни прашања и теми, програмите посветени на прашања поврзани со потрошувачите, верските програми и програмите за деца. Освен оваа суштинска промена сменето е и тоа што одредбите за пласирање производи се однесуваат и на радијата и на услугите видео по барање без оглед дали даватели се физички или правни лица како и на давателите на услуги платформи за споделување видеа. Такви субјекти се уште нема во нашата држава, меѓутоа обврските ќе важат и за нив. Други суштински промени нема, правилата за тоа како се вградува пласирањето производи во програмите, како треба да се идентификува пласирањето производи, што ќе се смета за прекумерно истакнување на пласираните производи, тие остануваат непроменети. Оттаму имаше потреба да се измени постојното Упатство и во него, во овој нацрт текст се направени соодветни прилагодувања во сите одредби од Упатството каде што беше нужно да се додадат обврските на новите субјекти. Се предлага овој нацрт документ Советот да го усвои, со текст како што е предложен, потоа да се објави на веб страницата, да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање и да се отвори јавна расправа која ќе трае 90 дена бидејќи е изборен период да имаат време субјектите да го погледнат внимателно.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Нацрт- упатство за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи да го објави на веб-страницата на Агенцијата во траење од 90 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Горенаведеното Нацрт-упатство да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на

сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА од Скопје. Објасни дека известувањето беше доставено до Агенцијата на 23 февруари оваа година. При проверка на документацијата констатирале дека истото е неуредно и побарано е од радиодифузерот да го доуреди. На 29 февруари радиодифузерот ги достави дополнителните документи со што го доуреди и комплетира Барањето за промена на сопственичка структура. Планираната промена се однесува на целосно истапување на постојниот сопственик, правното лице ТВ КЛАН од Тирана, Албанија и пристапување на физичко лице Фатом Шоши од Приштина Република Косово. Според податоците од Централниот регистер на РСМ ова физичко лице единствено се јавува како управител на ТВ Клан и како основач на Друштво за новинарство, издавачка дејност и услуги ИНДЕКС ОНЛИНЕ ДОО увоз-извоз Скопје кое што е во ликвидација и кое што е регистрирано со приоритетна дејност, со главна приходна шифра 63.12 – Интернет портали. Дополнително, направен е увид и во регистарот на вистински сопственици кој што го води Централниот регистар на РСМ и оттаму е констатирано дека ова лице не е евидентирано како вистински сопственик на ниту еден правен субјект во Македонија. Оттука предлогот е да се донесе Одлука со која ќе се дозволи планираната промена.

Г-дин Трајчев рече дека ги разгледал материјалите по точката, но Изјавите кои што се приложени во материјалот се потпишани од адвокат. Праша дали тоа е добро проверено и дали е исправно?

Раководителката Довлева објасни дека првично кога Секторот констатирал дека Изјавите односно Известувањето е неуредно, се однесуваше на грешки во нотарски заверени изјави, во печатот од нотарот. Подоцна барателот достави нови Изјави каде што се исправени тие грешки.

Г-дин Трајчев рече дека во материјалите има Изјави кои што се потпишани од адвокат преку полномошник. Праша дали полномошното е доволно за да може адвокат да потпишува ваков вид на изјави? Дали се финалните изјави тие што се во материјалите или можеби има некои други? Ако некое правно или физичко лице дава Изјава треба и лично да ја потпише, или евентуално ако е преку полномошник, дали има специјално полномошно за таа намена?

Раководителката Довлева одговори дека има полномошно кое исто така е дадено во материјалите во кое што адвокатот Зекир Зекири се овластува да ги поднесе документите.

Г-дин Трајчев рече дека прашањето не е дали е овластен за да ги поднесе документите, тоа не е спорно, туку дали може да потпише таква изјава во друго име, зошто таа што не е потпишана лично?

Раководителката Довлева рече дека ќе и треба малку повеќе време за да го разгледа полномошното и побара да се одложи точката.

Г-дин Фиданоски, рече, додека ја слушал дискусијата го пронашол полномошното во материјалите каде што има една реченица која гласи „го овластувам адвокатот Зекир Зекири од Скопје, ... во име и за сметка на Властодавателот да ги преземе сите дејствија во постапката за известување и обезбедување на одобрение за промена на сопственичката структура во ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА од Скопје...“ Праша дали е тоа што го зборува г-дин Трајчев или за нешто друго станува збор?

Г-дин Трајчев рече дека сепак би било подобро да се даде временски простор за да се провери материјалот подетално, затоа што станува збор за носење на Одлука, па на следна седница по добро проверените документи ќе се одлучува.

Г-дин Трајчевски објасни дека Полномошното е стандардно и смета дека ги покрива активностите за застапување, но за поголема сигурност ќе се побара и правно мислење од адвокатската канцеларија ангажирана од Агенцијата за да потврди дали полномошното е во ред за да може новиот сопственик на ТВ Клан да ги поднесе документите, и во зависност од доставување на мислењето од адвокатската канцеларија Советот ќе ја донесе одлуката.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно сите дискусии што ги слушнал, заклучува дека најдобро решение е оваа точка да се одложи за пред почетокот на првата наредна седница. Во таа насока ја одложи точката за прво продолжение на 9-та седница.

**Точки 8, 9 и 10**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог-решенијата за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје и Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево рече дека се последица од претходната 5-та Јавна седница, кои по одземањето на Дозволата претставуваат техничка обврска на Советот и Агенцијата.

Г-дин Трајчевски објасни дека на наведените радиодифузери веќе им е одземена дозволата на претходно одржана седница и со носење на предложените решенија се завршува процесот на постоење на радиодифузерите. Бидејќи, рече, е присутен претставникот на РА Александар Македонски од Кичево, кој на Јавната седница најавил дека ќе го плати надоместокот, му укажа да има предвид, бидејќи веќе му е одземена дозволата, во процесот на враќање на дозволата ќе има дополнителни трошоци, а тоа е да ги плати двете Одлуки за одземање на дозволата и за враќање на дозволата што Агенцијата ги има објавено во Службен весник и сите други трошоци кои ќе произлезат на Агенцијата за оваа постапка, и за таа цел да се консултира со Секторот за финансии.

Г-дин Фиданоски рече дека го охрабрува претставникот на радиодифузерот РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ да ја забрза постапката пред Управен суд, да ги подмири сите трошоци кон Агенцијата, и потоа Советот ќе закаже седница за да донесе Одлука за поништување на одлуката со која се одземала дозволата. Верува дека ќе успее да ги направи овие работи во текот на 30-те дена. Исто така го извести Советот, дека утрово кога доаѓал со автомобил кон просториите на Агенцијата, на фреквенцијата на која се емитуваше РАДИО ХИТ ФМ од Скопје веќе немаше никаква програма.

_Гласање по Точка 8_

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 9</u>*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 10</u>*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за мирување на работен однос на вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека вработената побарала да и престане работниот однос, односно да го раскине Договорот за вработување, но бидејќи станува збор за државна институција, за време на изборен процес не може да се вршат нови вработувања или отпуштања на вработени. Од таа причина се предлага до завршување на изборниот процес да мирува работниот однос, а потоа Советот да донесе одлука со која ќе го прифати барањето за прекинување на работниот однос.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за мирување на работниот однос заснован согласно Договорот за вработување на работникот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се става во мирување за период од 19.03.2024 година до завршување на изборот на претседател на РСМ, пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ во 2024г., согласно со резултатите од изборите, распишани со Решението за распишување избор за претседател на РСМ арх.бр.09-1168/1 и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на РСМ арх.бр.09-1169/1, двете од 14.02.2024г. („Службен Весник на РСМ“ бр.37/24), поради законска неможност од спроведување на постапката за престанок на работен однос, односно откажување на Договорот за вработување со анекси.

Точка 12

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

__________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**